По извршеното срамнување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на регистри на установи за деца („Службен весник на Република Македонија“ бр. 19/06), се направени грешки, поради што се даваат следните

ИСПРАВКИ
НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТРИ НА УСТАНОВИ ЗА ДЕЦА

1. Во Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на регистри на установи за деца („Службен весник на Република Македонија“ број 19/06) во Образецот бр.6-Пријава за запишување на приватната установа за деца – детска градинка во Централен регистар на установи за деца, кој е составен дел на Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на регистри на установи за деца, редниот број „4“ се заменува со реден бројот „3 “.

Редните броеви „5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15 и 16“ стануваат редни броеви „4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14 и 15“.

2. Во Образецот бр.8 - Пријава на податоци од извршениот упис на јавната установа за деца основана од општината односно општината во Градот Скопје за упис во Централниот регистар на установи за деца, кој е составен дел на Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на регистри на установи за деца, редниот број „4“ се заменува со реден бројот „3“.

Редните броеви „5, 6, 7, 8, 9, 10, 11,12, 13, 14, 15, 16, 17, 18 и 19“ стануваат редни броеви „4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13,14, 15,16,17 и 18.“

Потписот на „Директор“ се заменува со зборовите: „Одговорно лице“.

Бр. 11-3- 265/2
8 јули 2009 година
Скопје

Министер,
Џељаљ Бајрами,